# З А П И С Н И К

## Од Педесет и првата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 03.07.2026 година, во 10:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Педесет и првата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Бурим Рамадани, Беким Лачи, Марјан Велевски, Томислав Кежаровски, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Билјана Бабиќ, Лазо Трпков и Маја Седрак.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Ивана Ефремовски, Миле Гроздаsucc и Патриот Лумани.***

**Други присутни на седницата:** ***Директор на МРТ Зоран Ристоски.***

Педесет и првата седница на Програмскиот совет започна во 10:10 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Педесет и првата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 49-та седница на Програмскиот совет.**
2. **Разгледување и усвојување на Записникот од 50-та седница на Програмскиот совет.**
3. **Разгледување на Предлогот на директорот за донесување Одлука за ставање вон сила на Правилникот за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување и раскинување на договори во ЈРП Македонска радио-телевизија.**
4. **Донесување Одлука за ставање вон сила на Правилникот за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување и раскинување на договори во ЈРП Македонска радио-телевизија.**
5. **Давање согласност за разрешување на Одговорен уредник на Прв програмски сервис на Македонското радио.**
6. **Давање согласност за именување на вршител на должност Одговорен уредник на Прв програмски сервис на Македонското радио.**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 49-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Четириесет и деветтата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 50-та седница на Програмскиот совет.**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Педесеттата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Разгледување на Предлогот на директорот за донесување Одлука за ставање вон сила на Правилникот за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување и раскинување на договори во ЈРП Македонска радио-телевизија.**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред и истакна дека се разгледува Предлогот на директорот на Македонската радио-телевизија за донесување Одлука за ставање вон сила на Правилникот за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување и раскинување на договори во ЈРП Македонска радио-телевизија.

Во образложението на Предлогот е наведено дека, по донесувањето на Правилникот, била извршена дополнителна анализа на релевантните одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, при што било оценето дека, со цел обезбедување целосна усогласеност со законската рамка и избегнување на различни правни толкувања во однос на надлежноста за донесување на актот, предметната материја е потребно да биде уредена со акт донесен од директорот, согласно член 105 став (6) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во Предлогот истовремено е наведено дека, по ставањето вон сила на Правилникот, директорот ќе донесе соодветен акт согласно наведената законска одредба. Со тоа се

обезбедува понатамошното уредување на оваа материја да биде во целост усогласено со законската распределба на надлежностите и со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Директорот на МРТ, Зоран Ристоски, зема збор и истакна дека со предложената одлука се создава основ за донесување нов акт од страна на директорот, во согласност со член 105 став (6) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Посочи дека целта е предметната материја да биде уредена од органот кој Законот го определува како надлежен за донесување на ваков вид акт, со што ќе се обезбеди целосна усогласеност со законската рамка и јасно разграничување на законски утврдените надлежности.

**Точка 4. Донесување Одлука за ставање вон сила на Правилникот за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување и раскинување на договори во ЈРП Македонска радио-телевизија.**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори четвртата точка од Дневниот ред и истакна дека се разгледува Предлог-одлуката за ставање вон сила на Правилникот, доставена по предлог на директорот.

Предлог-одлуката се однесува на ставање вон сила на Правилникот за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување и раскинување на договори во ЈРП Македонска радио-телевизија, донесен од Програмскиот совет на 19.06.2026 година.

Имајќи го предвид доставениот Предлог на директорот и неговото образложение, Програмскиот совет оцени дека е основано предметната материја да биде уредена со акт на директорот, согласно член 105 став (6) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со донесувањето на оваа Одлука се обезбедува усогласување на интерните акти на МРТ со важечката законска рамка и континуитет во уредувањето на оваа материја.

Претседателот Давор Пашоски ја стави Предлог-одлуката на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот констатираше дека Програмскиот совет ја донесе Одлуката за ставање вон сила на Правилникот за начинот и постапката за спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно програмски содржини, како и за склучување и раскинување на договори во ЈРП Македонска радио-телевизија.

Воедно, Програмскиот совет констатираше дека ќе продолжат активностите за континуирано усогласување и унапредување на Статутот и другите општи акти на МРТ со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и другите применливи прописи, со цел обезбедување на нивна целосна правна усогласеност и доследна примена.

**Точка 5. Давање согласност за разрешување на Одговорен уредник на Прв програмски сервис на Македонското радио.**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори петтата точка од Дневниот ред и истакна дека оваа точка се однесува на Барањето на директорот на Македонската радио-телевизија за давање согласност за разрешување на Наташа Андрееска од функцијата Одговорен уредник на Првиот програмски сервис на Македонското радио.

Согласно член 132 став (1) алинеја 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот ги именува и разрешува одговорните уредници по претходно мислење од Уредничкиот колегиум и со согласност од Програмскиот совет.

Истата надлежност е утврдена и во член 67 став (1) точка 8 од Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија, додека постапката е дополнително разработена со Правилникот за начинот на спроведување на постапките за вработување, унапредување и распоредување на уредници, новинари и други носители на дејност и помошно-технички лица, донесен од Програмскиот совет на 19.06.2026 година.

Во конкретниот случај, директорот до Програмскиот совет доставил Барање за давање согласност, а претходно е обезбедено и позитивно мислење од Уредничкиот колегиум, со што се исполнети сите услови утврдени со Законот, Статутот и Правилникот за Програмскиот совет да може да одлучува по оваа точка.

Ивана Ефремовски зема збор и рече дека Наташа Андрееска, во своето досегашно искуство како член на Програмскиот совет на МРТ, ја препознала како посветен уредник, вреден работник и човек кој неуморно се стреми кон подигнување на стандардите и условите за работа во Првиот програмски сервис на Македонското радио. На состаноците на Програмскиот совет, каде таа присуствуваше заедно со сите уредници, Андрееска била речиси единствена која јасно и гласно зборувала за проблемите, заложувајќи се за заштита на сите свои колеги. Сепак, кога веќе одлуката е донесена, таа се согласи со заклучокот на Уредничкиот колегиум каде се наведува дека треба да биде поддржана секоја активност на раководството која има за цел да обезбеди унапредување на уредувачката политика, а со цел да се врати сјајот на МРТ и да се обезбеди клучната улога на МРТ како јавен радио-дифузен сервис во развојот на демократското општество.

Придонесот на Наташа Андреевска во работата на јавниот сервис, со сигурност ќе остане запаметен и почитуван, а лично посакува да биде и земен како пример од секој нејзин наследник на оваа позиција.

Томислав Кежаровски го поддржа предлогот, но побара да ја слушне причината за разрешување на Наташа Андреевска.

Директорот на МРТ, Зоран Ристоски, истакна дека Наташа Андреевска досега својата функција ја извршувала професионално, одговорно и посветено, придонесувајќи кон работата на радиото. Посочи дека предложената промена не претставува оценка на нејзината досегашна работа, туку е дел од поширок процес на реорганизација и унапредување на уредничката структура во Македонската радио-телевизија. Според него, целта е преку нова распределба на уредничките функции да се обезбеди поголема ефикасност, подобра координација и дополнително унапредување на програмските содржини, како во телевизијата, така и во радиото, во согласност со програмските и развојните приоритети на МРТ.

Беким Лачи зема збор и истакна дека во МРТ има квалитетни и професионални кадри кои имаат потенцијал и желба за работа, но дека, според неговото мислење, во изминатиот период не им била овозможена соодветна можност да ги покажат своите капацитети поради долгогодишното раководење со уредничките позиции од истите лица.

Лазо Трпков зема збор и истакна дека, според неговото мислење, би било професионално и етички актуелните одговорни уредници да понудат оставки на своите функции, со што на директорот на МРТ, во рамките на неговите законски и статутарни надлежности, би му се оставил простор да ја преиспита кадровската поставеност и да донесе соодветни одлуки.

Маја Седрак додаде дека, според нејзиното мислење, именувањето вршители на должност претставува соодветно решение, бидејќи во тој период ќе може да се оцени работата, ангажманот и капацитетот на именуваните лица, со цел да се утврди кој најсоодветно ќе ја извршува конкретната функција.

Претседателот Давор Пашоски ја стави Предлог-одлуката на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот констатираше дека Програмскиот совет даде согласност за разрешување на Наташа Андреевска од функцијата Одговорен уредник на Првиот програмски сервис на Македонското радио.

**Точка 6. Давање согласност за именување на вршител на должност Одговорен уредник на Прв програмски сервис на Македонското радио.**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори шестата точка од Дневниот ред и истакна дека оваа точка се однесува на Барањето на директорот на Македонската радио-телевизија за давање согласност за именување на Снежана Димовска за вршител на должност Одговорен уредник на Првиот програмски сервис на Македонското радио.

И ова именување се спроведува согласно член 132 став (1) алинеја 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 67 став (1) точка 8 од Статутот на Македонската радио-телевизија, како и член 8 став (1) од Правилникот за начинот на спроведување на постапките за вработување, унапредување и распоредување на уредници, новинари и други носители на дејност и помошно-технички лица, кој предвидува директорот да може да именува вршител на должност одговорен уредник до спроведување на редовната постапка за избор.

Во прилог на Барањето е доставено и позитивното мислење од Уредничкиот колегиум, така што пред Програмскиот совет е доставена целокупната документација потребна за одлучување согласно Законот, Статутот и Правилникот.

Директорот на МРТ, Зоран Ристоски, зема збор и истакна дека предлогот за именување на Снежана Димовска произлегува од потребата да се обезбеди непречено функционирање на Првиот програмски сервис на Македонското радио до спроведување на редовната постапка за избор на одговорен уредник. Посочи дека при предлагањето се раководел од нејзиното долгогодишно професионално искуство во Македонското радио, нејзината стручност, одговорност и посветеност во извршувањето на работните задачи, како и од нејзиното добро познавање на функционирањето на програмскиот сервис. Изрази уверување дека со своето знаење, професионален интегритет и менаџерски капацитет ќе обезбеди континуитет во работата и натамошно унапредување на програмските содржини.

Бурим Рамадани зема збор и изјави дека на новоименуваната ѝ посакува успешно извршување на функцијата, но дека не ја познава доволно за да може да даде оценка за нејзините професионални квалитети.

Билјана Бабиќ предложи во иднина, при доставување предлози за именување на ВД, до Програмскиот совет на МРТ да се доставува и кратка биографија за предложените кандидати, имајќи предвид дека членовите на Советот не ги познаваат сите вработени во МРТ.

Марјан Велевски зема збор и истакна дека ја познава предложената кандидатка за вршител на должност одговорен уредник на Првиот програмски сервис на МРА, нагласувајќи дека станува збор за долгогодишна новинарка која во својата досегашна работа покажала професионалност и посветеност. Тој изрази поддршка за предлогот, оценувајќи дека тоа ќе претставува можност таа дополнително да ги потврди своите професионални квалитети, и ѝ посака успех во извршувањето на функцијата доколку биде именувана.

Претседателот Давор Пашоски ја стави Предлог-одлуката на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот констатираше дека Програмскиот совет даде согласност за именување на Снежана Димовска за вршител на должност Одговорен уредник на Првиот програмски сервис на Македонското радио.

Дополнително, по исцрпување на дневниот ред, Претседателот предложи Програмскиот совет да го усвои следниот заклучок:
Програмскиот совет го задолжува директорот на ЈРП Македонска радио-телевизија, во соработка со надлежните организациски единици, дополнително да ги разгледа Предлог-правилникот за начинот на спроведување на постапките за јавните набавки на услуги за купување, развој, продукција или копродукција на програмски материјали наменети за аудиовизуелни услуги или радиски услуги и Предлог-упатството за работа на Секторот за комерција и јавни набавки, со цел да се изврши анализа на можностите за подготовка на единствен, системски усогласен акт со кој сеопфатно ќе се уреди оваа материја, во согласност со важечката законска рамка.
Воедно, Програмскиот совет ја поддржува иницијативата за понатамошно зајакнување на кадровските и стручните капацитети на организациските единици надлежни за подготовка на општите акти и интерните процедури на МРТ, со цел обезбедување нивна целосна усогласеност со важечката законска рамка.
Програмскиот совет, исто така, ја поддржува иницијативата за спроведување на анализа на Статутот на МРТ и другите општи акти, со цел нивно континуирано усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и другите релевантни прописи.

Претседателот Давор Пашоски го стави предложениот заклучок на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот констатираше дека Програмскиот совет едногласно го усвои предложениот заклучок.

По исцрпувањето на дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатираше дека 51-та седница на Програмскиот совет на МРТ е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството со што ја затвори Педесет и првата седница на Програмскиот совет на МРТ во 10:55 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-3847/5
03.07.2026г.

_______________________

Давор Пашоски